# ИЗВЕСТУВАЊЕ
# ЗА ОПФАТ НА ТУРИСТИЧКИ МЕСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ТРГОВИЈА НА МАЛО ВО ДЕН НЕДЕЛА И НА ПРАЗНИЦИ КОИ СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ КАКО НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ СПОРЕД ЧЛЕН 2 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРАЗНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно последната објава на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 150/22), трговијата на мало во ден недела и на празници може да се врши во продавници, киосци и штандови во **туристички места** утврдени со **Законот за туристичка дејност**.

Овие трговци може да работат во ден недела и на празници според членот 2 од Законот за празниците на Република Македонија, во време од 08:00 до 22:00 часот.

Согласно Законот за туристичка дејност "Туристичко место" претставува подрачје или дестинација кое како организациона и функционална туристичка целина располага со природни, културни, историски и други знаменитости од значење за туризмот, комунална, сообраќајна и туристичка инфраструктура, како и објекти и други содржини за сместување и престој на туристите.

Туризмот е стопанска гранка која го опфаќа привременото патување на луѓето од едно до друго место заради задоволување на културни, рекреативни, здравствени и други потреби.

Развојот на туризмот зависи од повеќе природно - географски, антропогени и материјални фактори.

Природно - географските туристички мотиви ги опфаќаат: Релјефните одлики, климатските прилики, хидрографските услови, растителниот и животинскиот свет.

Антроподените фактори ги опфаќаат културно - историските споменици (археолошки наоѓалишта, сакрална архитектура, споменици), етносоцијалните (духовна и материјална култура) и манифестациските вредности (разни културно - просветни и забавни манифестации).

Во Република Северна Македонија се присутни скоро сите услови како фактори за разој на туризмот. Како најзначајни туристички места се сметаат:

### 1. Езерски туристички места

Езерски туристички места во Република Северна Македонија се Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро. Тие имаат чиста и релативно топла вода, пријатна за капење. Покрај нив се изградени поголем број туристички објекти (хотели, мотели и ресторани). **Охрид, Струга, Дојран и Преспа.**


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

## 2. Планински туристички места

Планински туристички места во Република Северна Македонија има повеќе. Најпривлечни и најразвиени се: **Попова Шапка на Шар Планина, Маврово на Бистра, Нижеполе и Копанки на Пелистер, Крушево на Бушева Планина и Пониква на Осоговските Планини**.

Тие имаат услови за летен рекреативен, зимско-спортски и за ловен туризам. Во некои од нив се присутни карактеристични населби како што се: Галичник кој е познат по манифестацијата Галичка свадба, Крушево како највисок град на Балканот, со мошне пријатна клима, Маврово како комбиниран зимско-спортски и езерски центар.

## 3. Рурален и алтернативен туризам

Според „(WTO)„ Светска туристичка организација Поимот „Рурален Туризам„ се користи тогаш кога руралната култура е клучна компонента на производот и понудата на дестинацијата. Како издвоени примери за развиен рурален туризам во Република Северна Македонија можат да се наведат: **Берово, Брајчино и Вевчани.**

## 4. Скопје како туристичка дестинација

Имајки предвид дека Скопје е главна туристичка дестинација согласно бројот на туристи во Република Северна Македонија како најатрактивни туристички места во Скопје може да се одвојат: **Старата Скопска Чаршија, Скопскиот плоштад, Кањонот Матка, и Скопското Кале.**

## 5. Стари чаршии како туристичка атракција

Имајки предвид дека во Република Северна Македонија речиси во сите поголеми градови имаат чаршии кои се атрактивни како за домашни така и за странски туристи може да се одвојат за најзначајни и тоа: **Старата Скопска Чаршија, Охридската, Струшката, Битолската и Прилепската Чаршија.**

Додатокот на плата за работа во ден недела и на празници во продавниците, киосци и штандови во **туристичките места** изнесува најмалку 100%, за секој час поминат на работа.


Министерство за економија на
Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073